Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03-1043**
**10.09.2024 год.**

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) и член 2, член 20 и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје ( Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018), како и Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0202-994/3 од 05.09.2024 година, Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје распишува: :

# ОГЛАС
## за избор на демонстратори во учебната 2024/2025 година

I. За учебната 2024/2025 година се распишува оглас за избор на **демонстратори** како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и тоа на:

1. **Катедрата за патофизиологија - 1 демонстратор**
   **Предмет:** *Патолошка физиологија (V и VI семестар)*

2. **Катедрата за Внатрешни болести на домашни миленици и копитари – 1 демонстратор**
   **Предмети:** *Внатрешни болести на домашни миленици и копитари (VII и VIII семестар) и Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари (VI семестар)*

3. **Катедра за анимална хигиена – 2 демостратори**
   **Предмет**: *Анимална хигиена (III и IV семестар)*

4. **Катедра за биохемија и биологија на клетка – 1 демонстратор**
   **Предмети:**
   *Биологија на клетка (I семестар), Биохемија (II семестар) и Клиничка биохемија (V семестар)*

5. **Катедра за Внатрешни болести на фармски животни – 4 демонстратори**
   **Предмети:**
   - *Внатрешни болести на фармски животни (VII и VIII семестар) – 1 демонстратор*
   - *Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни (VI семестар) – 1 демонстратор*
   - *Визуелни дијагностички методи (V семестар) - 1 демонстратор*



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

- *Внатрешни болести на фармски животни (VII и VIII семестар) – 1 демонстратор (за делот Болести на свињи);*

6. **Катедрата за функционална морфологија- 2 демонстратори**
   **Предмет:** *Анатомија на животните 1 и 2 (I и II семестар) и Клиничка анатомија на животни (V семестар) – 1 демонстратор*
   **Предмет:** *Физиологија на животните 1 и 2 (III и IV семестар)- 1 демонстратор*

7. **Катедра за одгледување на животни – 1 демонстратор**
   **Предмети**: *Општо сточарств (III семестар) и Специјално сточарство (IV семестар)*

8. **Катедрата за заразни болести и епидемиологија – 1 демонстратор**
   **Предмети**: *Заразни заболувања кај домашните животни (VIII и IX семестар) и Ветеринарна епидемиологија (IX семестар)*

9. **Катедрата за репродукција — 1 демонстратор**
   **Предмети:** *Репродукција (VII и VIII семестар) и Клиничка практика на фармски животни (XI семестар)*

10. **Катедра за болести кај птиците – 1 демонстратор**
    Предмет: *Болести на птиците (X семестар)*

**II**. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се студенти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и имаат остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или да се студенти на трет циклус на студии на една од студиските програми на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
- студентите да го имаат положено предметот на кој конкурираат;
- во својата пријава, студентите може да наведат најмногу до два предмети за кои се пријавуваат, согласно објавената листа.

**III.** Со пријавата (во прилог), кандидатите поднесуваат докази за исполнетост на условите утврдени во огласот: уверение за положени испити, индекс на увид и куса биографија (CV) во архивата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на ул. Лазар Поп Трајков бр. 5-7.

**IV.** Огласот трае од денот на објавувањето, **до 01.10.2024 година (вторник).**

**V.** Факултетот го задржува правото да не ги ангажира избраните демонстратори доколку во учебната 2024/2025 година нема доволен фонд на часови, односно предмети.

Декан,
Проф. д-р Деан Јанкулоски

Да се достави до:
- Огласна табла
- Вебстрана
- Архива



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk